МИНСТРОЙ
БУЛМАК

**СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ**

# ЦИЈАНИД ВО КРИВА РЕКА ИМА ПЕТ ПАТИ ПОМАЛКУ ОД ДОЗВОЛЕНИТЕ ГРАНИЧНИ ВРЕДНОСТИ ЗА ПРИСУСТВО ВО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

***Согласно земените мостри вода од Тораничка Река на 14 март, параметрите укажуваат дека нивото на цијанид е пониско од граничните вредности за води од трета класа како што е Тораничка Река***

***Крива Паланка, 02.04.2025 година. –*** Компанијата "Булмак 2016" денес одржа конференција за медиуми во чии рамки на присутните новинари им беа презентирани лабораториските наоди добиени од земените мостри вода веднаш по настанувањето на дефект на водоводна цевка на 14.03.2025 година кога истече јамска (*подземна*) вода во Тораничка Река. На конференцијата кон присутните се обратија г-дин Тони Тоневски, Директор на "Булмак 2016", г-дин Антонио Антовски, Директорот на Рудник "Тораница" – Крива Паланка, како и г-дин Љупчо Георгиевски Инженер за животна средина во "Булмак 2016".

Во согласност со добиената "А" - Интегрирана еколошка дозвола, со бр. УП1-11/3-762/2016, добиена во Јуни 2019 година, а со важност до Јуни, 2026 година, утврдено е дека подземните природни јамски води од Рудникот "Тораница" се зафаќаат со цевковод и се пренесуваат до Флотацијата на рудникот за употреба како техничка вода. Дополнително, со дозволата е уредена и процедурата за работа во случај на настанување на евентуални технички проблеми според која, по настанувањето на дефектот на цевководот – пукање на цевка која ја носи јамската вода кон Флотацијата на рудникот, **веднаш се преземени сите мерки и запазени се сите протоколи и начини на работа.** По писмен пат известен е Државниот Инспекторат за Животна Средина (*ДИЖС*), со образложение дека е настанат технички проблем. Согласно протоколите за работа, веднаш е сопрен протокот на јамската водата и преминато е кон санирање на дефектот. Целокупното времетраење на излевање на вода како резултат на дефектот се одвивало 30 минути, а истекувањето на вода е целосно сопрено во 7:00 часот. Истечени се околу 300 $m^3$ јамска вода од цевката директно во Тораничка Река (*вода од категорија III*), без притоа водата да има било каков контакт со Флотацијата на рудникот и суровините кои се користат за технолошките процеси. Исто така, од една точка – пред вливот на Тораничка Река во Крива Река, согласно протоколите за работа и Законот за Животна Средина земен е примерок од 1,5 литри вода за анализа, кои се понатаму предадени за обработка во **акредитираната лабораторија "Еуромак Контрол".**

Добиените наоди од лабораториската анализа укажуваат дека **нивото на цијанид е пониско од граничните вредности за води од трета класа како што е Тораничка Река**. Односно, граничната вредност за **цијаниди** за води од трета класа *(Службен Весник на Р.М бр. 18/1999)*, изнесува **100 микрограми на литар**, а **измерената концентрација е помалку од 10 микрограми** на литар. За илустрација и за да јавноста и граѓаните бидат смирени, **измерената концентрација е пониска од граничната вредност за присуство**

МИНСТРОЙ
БУЛМАК

**на цијанид во водата за пиење**, која согласно Правилникот за барање за безбедност на квалитетот на **водата за пиење,** објавен во Службен Весник на Р.М. до број 183/2018 изнесува **50 микрограми на литар.** Граничната вредност за **арсен** за води од трета класа изнесува **50 микрограми** на литар, а **измерената концентрација на арсен е 0,25 микрограми** на литар, вредност која е безбедна и помала од граничната од 10 микрограми на литар утврдена со Правилникот за барање за безбедност на квалитетот на водата за пиење. Во моментот кога се земени примероци од Тораничка Река, на **гранична вредност за олово од 30 микрограми** на литар за води од трета класа согласно Службен Весник на Р.М. број 18/1999, **измерена е вредност од 52,8 микрограми** на литар. За појаснување - самата јамска вода содржи концентрација на различни минерали кои ги апсорбира од природата *(Регион со исклучително многу минерали),* параметар кој во вакви природни води *(и во ваков Регион)* **варира од 5 до 100 микрограми на литар.** **Измерената вредност** за присуство на **цинк** изнесува **514 микрограми** на литар, наспроти **граничната вредност од 3.000 микрограми** на литар утврдена со Правилникот за барање за безбедност на квалитетот на водата за пиење. Граничната вредност за **никел** за води од трета класа изнесува **100 микрограми** на литар, а измерената концентрација е помала, **односно 2,5 микрограми** на литар. Покрај ова, граничната вредност за **манган** за води од трета класа изнесува **1.000 микрограми** на литар, а **измерената концентрација** е помала, односно **514 микрограми** на литар. Граничната вредност за **железо** за води од трета класа изнесува **200 микрограми** на литар, а **измерената концентрација** е во рамки на граничната вредност, односно **124 микрограми** на литар.  Граничната вредност за присуство на **жива** во води од трета класа изнесува **1 микрограм** на литар, додека **измерената концентрација е помала од 0,2** микрограми на литар.

Дополнително, како дел од редовните активности, "Булмак 2016" спроведува анализи на водата. Во оваа насока, на **26.03.2025** година земени се мостри вода од две точки – од отпадните јамски води (*таложникот на Рудникот*), класифицирани како води од трета класа (*Категорија III*), како и од Крива Река, која е класифицирана во втора класа (*Категорија II*). Согласно добиените параметри од анализата, **СИТЕ измерени вредности од земениот примерок од отпадните јамски води се во НОРМАЛАТА за трета класа вода**. Исто така, **СИТЕ измерени вредности од земениот примерок од Крива Река се во НОРМАЛАТА за втора класа вода**, со исклучок на евидентирано мало зголемување на кадмиум.

Добиените наоди укажуваат на тоа дека со тековната работа, "Булмак 2016" **НЕ ПРИДОНЕЛ** за загадување на Крива Река ниту пак предизвикал еколошка катастрофа, како што тоа беше прикажано во изминатите денови. Резултатите и од двете спроведени мерења (*на денот на техничкиот проблем – 14.03.2025 година и на ден 26.03.2025 година*), недвосмислено покажуваат дека доколку навистина имало загадување или еколошка катастрофа на Крива Река, причинител за тоа не е рудникот "Тораница" и "Булмак 2016". Дополнително, изричито **ПОТВРДУВАМЕ ДЕКА НИТУ ЕДЕН РАБОТНИК** во вршењето на работните задачи не придонел кон настанување на техничкиот проблем - пукање на цевката која врши пренос на исклучиво јамска вода што никако не содржи елементи од суровини кои се користат во преработката на

МИНСТРОЙ
БУЛМАК

рудите во Флотацијата на рудникот. Како дополнување, согласно потврдените информации од риболовното друштво “Мрена“ од Крива Паланка, ниту на 14.03.2025 ниту потоа, не е констатиран помор на риби во Крива Река.

Оттука, порачуваме на сите граѓани кои живеат и работат во еко системите на Тораничка Река и Крива Река дека од тековното работење на рудникот “Тораница“ **НЕ ПОСТОИ** никаква опасност по нивното здравје.

Повторно апелираме и бараме сите надлежни органи и институции да постапат во правец на изнаоѓање на вистинските причинители на еколошка катастрофа, доколку се утврди дека таа навистина постои.

Остануваме и понатаму достапни за прашања поврзани со нашата работа со цел – точно и навремено информирање на јавноста.

**Со почит,**

**Булмак 2016**

**За “Булмак 2016“**

Формирана од “Минстрој“ А.Д., Компанија основана во 1952 година, како Акционерско Друштво за производство и трговија со лесни и тешки метали и изградба на објекти, концесионер на рудници во Република Бугарија. Холдингот располага со сопствена основна и специјализирана механизација за реализирање на основната дејност и сопствено Проектантско биро екипирано со висококвалификуван инженерски кадар. Холдингот е носител на стандарди за квалитет, заштита при работа и заштита на животната средина, соодветно: ISO 9001:2008; BS OHSAS 18001:2007; ISO 14001:2004.

“Булмак 2016“ е компанија која 10 години е концесионер на рудниците „Злетово“ и „Тораница“, каде се вработени повеќе од 800 лица со редовна просечна плата од над 1.000 евра и со исплатени над десетици милиони евра во касата на државниот буџет и буџетите на Локалните самоуправи каде ја врши ме дејноста. Со директни инвестиции од над 40 милиони евра и со до сега вкупно одвоени финансиски средства во вредност од над половина милион евра за локален развој и за поддршка на општините и социјална одговорност Компанијата се вбројува во еден од најголемите комерцијални субјекти во овој дел од Македонија Годишно, во локални - компании добавувачи на “Булмак 2016“ *(од општините каде гравитираат двата рудника)* се плаќаат повеќе од 2 милиони евра за добра и услуги.